## КОНКУРС ЗА СТИПЕНДИИ

Врз основа на потпишаните меморандуми за соработка меѓу ЕВН Македонија, АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО од една страна и Факултетот за електротехника и информациски технологии од друга страна се распишува конкурс за доделување стипендии за студентите на ФЕИТ.

Со стипендирањето на вкупно 14 новозапишани студенти на прв циклус студии, ЕВН Македонија, АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО ќе дадат свој придонес и поддршка во едукација и оспособување на стручни и на квалитетни кадри од областа на енергетиката, и воедно ќе им се даде стимул на идните студенти за запишување на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Можност за пријавување за стипендија ќе имаат студентите запишани првпат, во прва година, во учебната 2015/2016 година на една од следните студиски програми:

- Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ),
- Електроенергетски системи (ЕЕС)
- Електроенергетика, управување и менаџмент (ЕЕУМ).

Стипендијата е во висина од 6.000,00 денари месечно и важи за 10 (десет) месеци, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од обврските пропишани во Договорот за стипендирање.

Изборот и селекцијата на кандидатите ќе го изврши Комисија за стипендирање која ќе биде составена од 5 (пет) члена и тоа по 1 (еден) член номиниран од редот на вработените во АД МЕПСО, АД ЕЛЕМ и ЕВН Македонија, и 2 (двајца) претставници номинирани од Факултетот електротехника и информациски технологии од Скопје.

### Обврски на корисникот на стипендијата:

- да достави потврда за редовен студент запишан во прва година;

- да достави Изјава дека не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија;

- студиската година да ја заврши во рок и со просек не помал од 8.0, во спротивно, стипендистот го губи правото на стипендија и се обврзува да го врати примениот износ на компанијата со која го склучил Договорот за стипендирање;

- други обврски пропишани во Договорот за стипендирање.

**Начин на аплицирање:**

Заинтересираните студенти е потребно:

- да пополнат апликација/ прашалник подготвен од страна на ЕВН Македонија, АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО
- да подготват мотивациско писмо

Документите се поднесуваат до Архивата на ФЕИТ најдоцна до **21.06.2016 до 12:00 часот**.